ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/825-062
10.04 2019 год.
СКОПЈЕ

**До:** Членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија

**Од :** Членовите на управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ( во понатамошниот текст само: „ ИСОС“)

**ПРЕДМЕТ**: ИЗВЕСТУВАЊЕ по однос на дописот насловен како -известување од Надзорен одбор со датум 02.04.2019 година

Почитувани,

На официјалната веб страна на ИСОС беше објавен допис насловен како: „ Известување од Надзорен одбор“ со кое се известуваат членовите на ИСОС дека не е одржано Собрание најдоцна до 31.03.2019 година и со кое се повикуваат членовите да поднесат барање за свикување на Собрание, без притоа да биде потпишан од страна на членовите на надзорниот одборот со цел да му дадат соодветен легитимитет на ваквото писмено известување доставено од нивна страна.

Нејасно е од кои причини е објавено известувањето со ваква содржина од страна на членовите на Надзорниот одбор, кога истите на ден 05.04.2019 година вршеа и контрола врз работењето на ИСОС, како и преглед на целокупната документација на ИСОС, со што несомнено имаа можност да проверат дали од страна на Управниот одбор беше закажано Собрание или не.

По пат на ова писмено **ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ** и потсетуваме дека Собранието на ИСОС беше закажано за 02.04.2019 година, но со оглед на фактот дека ревизорскиот извештај не беше финализиран а истиот е дел од материјалите кои треба да се презентираат на Собранието, Управниот одбор на седница одржана на 21.03.2019 година едногласно одлучи да се одложи одржувањето на Собранието за датум- **17.05.2019 година.** Записникот на кој е донесена одлуката за одлагање на закажаниот датум за одржување на Собрание, беше и сеуште е објавена на веб страната на ИСОС.

Со почит,
Управниот одбор на ИСОС

1............................
2............................
3............................
4............................